НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

*НУ Завод и Музеј – Охрид, ул. „Боро Шаин" бр.10, П.Фах 95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија, тел.046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци – тел.046/267-173, e-mail: zimohrid@yahoo.com; жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид
ул. „Боро Шаин" бр. 10, 6000 Охрид, Р.С. Македонија
Телефони: 046 262 498 ; 046 231 300, 070-304-119
www.muzejohrid.mk, e-mail: zimohrid@yahoo.com

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), членот 3 и членот 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) во врска со член 77-ѕ од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998, 49/2003, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/2024) и согласно Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр.01-538/1 од 09.07.2020 година, како и ПРАВИЛНИЦИТЕ за изменување и дополнување на ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – ОХРИД СО бр.01-538/3 од 10.09.2020 година, бр.01-731/1 од 29.06.2021 година, бр.01-602/1 од 06.05.2022 година, бр.01-1219/1 од 20.09.2022 година, бр.01-237/1 од 16.02.2023 година, број 01-130/1 од 03.02.2025 година, 01-780/1 од 02.06.2025 година и бр.01-1612/1 од 10.12.2025 година, согласно Измена на Годишен план за вработување за 2026 година бр. 04-1160/8 од 24.12.2025 година, согласност на измената на годишниот план за вработување од Министерсво за култура и туризам со нивни број 40-8106/4 од 25.12.2025 година и позитивно мислење на измената на годишниот план за 2026 издадено од Министерството за јавна администрација со број 09-3896/6 од 26.12.2025 година, согласно Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Сл. весник на РМ бр. 34/15), согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, постапката за вработување на помошно – технички лица во НУ Завод и Музеј – Охрид донесен од страна на УО со број 02-894/1 од 20.06.2025 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства (согласност за вработување) од Министерството за финансии со нивни бр 19-5492/2 од 27.07.2026 година, а во Министерство за култура и туризам заведено под број 40-6964/2 од 29.07.2026 година и Известување од Министерството за финансии со нивни бр 19-6771/2 од 04.08.2026 година, а во Министерство за култура и туризам заведено под број 40-6964/4 од 11.09.2026 година, Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, објавува:

## Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 02/2026

**I.** Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, **има потреба од вработување на 1 (едно) лице, помошно – технички персонал на неопределено работно време**, на следната позиција:

**<u>1.Работно место со назив Друг НКВ работник за одржување на објекти, со звање на работно место Друг НКВ работник за одржување на објекти, со шифра КУЛ0401Б03003- 1 (еден) извршител</u>**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стекнато основно образование;
- работно искуство: со/без работно искуство.

Кандидатите, **заедно со пријавата**, треба да ги доставaт потребните документи **(во оригинал или копија заверена на нотар)** за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено соодветно образование.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање (општи и посебни).

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: од понеделник до петок
- Работни часови неделно: 40 часови
- Работно време: од 07:30 до 15:30 часот

- Опис на работното време: Утврдено согласно актите на работодавачот.

**Паричен нето износ на плата:**

Паричниот месечен нето износ на платата изнесува 31.973,00 денари.

**II. Рок за доставување на пријави:**

**Рокот за доставување на пријавите** за вработување со потребните документи **изнесува 3 (три) работни дена** сметано од денот на неговото објавување во дневните печати и на WEB страната на установата www.muzejohrid.mk. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на НУ Завод и Музеј – Охрид, со седиште на ул.„Боро Шаин“ бр.10, 6000 Охрид, секој работен ден од 08:00 часот до 15:00 часот или да се превземе од интернет страната www.muzejohrid.mk.

Лице за контакт:м-р Горан Патчев тел.070/304-119

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.**

**III. Начин на поднесување на пријавите**:

Пријавата и комплетните документи кандидатите можат да ја достават по пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр. 02/2026 и работно место за кое се пријавуваат“ на адреса: Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, ул. „Боро Шаин“ бр. 10, 6000 Охрид, Р.С. Македонија или во архивата на НУ Завод и Музеј - Охрид, секој работен ден од (08:00 часот до 15:00 часот), заклучно со последниот ден.

**Ненавремените и некомплетни Пријави и документи нема да се разгледуваат.**

**IV. Информација за спроведување на постапката**:

Административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и спроведување на интервју на кое преку прашања ќе се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на кое припаѓа работното место , ќе ги врши надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување согласно. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.